**претходно соопштение**

**УДК: 811.163.3’373.22:598.2**

# ЗА НАЗИВИТЕ НА ПТИЦИТЕ ОД РЕДОТ STRIGIFORMES (БУВ, УТ, УТКА, КУКУМЈАВКА), НИВНОТО ЗНАЧЕЊЕ И НАРОДНАТА СИМБОЛИКА ВО МАКЕДОНИЈА*

**Гоце Цветановски**
*Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, Скопје, Македонија*

**Keywords:** Macedonian dialectology, vocabulary, etymology, ethnology, anthropology, birds, names, symbols

**Summary:** In the Macedonian language territory there are many names for birds of the order of Strigiformes (бу, буф, був, бух, бувал, бухал, б'ухӑл, б'ухạл, бухел, буарец, буо, б'ухо, б'ухало, булут, бул'утин, б'улач; ут, утка, 'утален; лул'ејка, улејка; д'умо; ќор'опиле; лошо пиле; ут, 'утален, 'утка, ф'утка, 'утица, 'утајка; кукум'авка, кукумј'афка, кукуљ'авка, кукумњавка, кукум'ɛфкạ кукọмј'афка, кукувејка, кукувајка, кукув'еўка, кукумајка, кукумјачка, кукув'аја; к'укале; урл'ејка, урул'ејка, улумајка, улејка, улул'ејка, ул’ул'еќа, ул'еќа, улувејка, уљајка, ул’ајка, хулув'ајка, л’ул’ајка; буф; чуетарка, човетарка, чув'ичка; пуст'ул’ка; ќуш'е).
We try to give an overview of the names of the birds of the order Strigiformes, but will focus on etymology and meaning of the names, beliefs and the symbolism of these birds that exist in the Macedonian folk tradition.

**Клучни зборови:** македонска дијалектологија, лексика, етимологија, етнологија, антропологија, птици, називи, симболи, був, ут, утка, кукумјавка.

**Резиме:** Во македонската јазична територија постојат повеќе имиња на птици од редот на Strigiformes (бу, буф, був, бух, бувал, бухал, б'ухӑл, б'ухạл, бухел, буарец, буо, б'ухо, б'ухало, булут, бул'утин, б'улач; ут, утка, 'утален; лул'ејка, улејка; д'умо; ќор'опиле; лошо пиле; ут, 'утален, 'утка, ф'утка, 'утица, 'утајка; кукум'авка, кукумј'афка, кукуљ'авка, кукумњавка,

* Овој реферат е прочитан на научниот собир „Значењето низ времето и просторот“ одржан во ИМЈ на 22–23 мај 2013 година.

кукум'ɛфкạ кукọмј'афка, кукувејка, кукувајка, кукув'еўка, кукумајка, кукумјачка, кукув'аја; к'укале; урл'ејка, урул'ејка, улумајка, улејка, улул'ејка, ул’ул'еќа, ул'еќа, улувејка, уљајка, ул’ајка, хулув'ајка, л’ул’ајка; буф; чуетарка, човетарка, чув'ичка; пуст'ул’ка; ќуш'е). Ќе се обидеме да дадеме преглед на називите на птиците од редот Strigiformes (був, ут, утка, кукумјавка), но ќе се задржиме и на етимологијата и значењата на соодветните називи, верувањате и обичаите што постојат во македонската народна традиција, како и симболиката на овие птици.

Птиците се секојдневно опкружување на луѓето и со нив луѓето имаат долга врска. Во некои случаи, овој однос е мутуалистичен (заемно корисен), како што е случајот со некои видови птици во активностите при риболовот или при доаѓањето до храна, или коменсалистичен (едната страна има предност, а втората ниту корист, ниту штета).

Во секојдневниот однос со птиците, кај луѓето се создале извесни претстави за нив, па луѓето почнале да веруваат во моќта на некои птици, а оттаму произлегле и многу народни верувања и обичаи што се поврзани со птиците.

Симболиката на птиците во традиционалните светски култури е многу разновидна. Не е безначаен фактот што птиците во поимањата на народните култури можеле да се ослободат од поредокот на Земјата и да се издигнат до божествените суштества и небесните духови, но и до оние кои живееле во областа на подземното царство. Поради тоа птиците биле предодредени во улогата на медијатор. Некои од нив исчезнуваат од човековата околина во зимскиот период, а тоа се поврзувало со нивниот престој во друг свет. Се разликувале птици кои му се наклонети на човекот и оние кои се помалку наклонети кон него. Во некои делови на светот, на птиците се гледа со сомнеж и недоверба.

Од научен аспект, според таксономските рангови во биологијата, класата „птици“ (лат. *Aves*) се двоножни, топлокрвни животни, чија главна карактеристика се пердуви на телото, предни екстремитети модифицирани во крилја и шупливи коски, се среќаваат во различни големини: од ситните колибри до огромните емуа и ноеви.

Птиците се хранат со нектар, растенија, семиња, инсекти, риби, или со други птици. Повеќето птици се активни во текот на денот, но постојат и птици, како бувот на пример, кои се активни во текот на ноќните часови. Многу птици мигрираат на долги растојанија за да

живеат во еднакви услови. Некои, пак, го поминуваат скоро целиот свој живот на една територија.

Според класификацијата на рускиот етнолингвист Алексеј Гура (Гура,1997:527), птиците се изделуваат во посебна класа, врз основа на два диференцијални признаци – локус (небо, воздух) и модус на придвижување/движење (лета, лет, летање). Во однос на другите групи животни, кај птиците се јавува опозицијата чисти (свети, добри), наспроти нечисти (ѓаволски, зли). Во народниот фолклор, според нашите сознанија, птиците од редот Strigiformes (како ноќни грабливки) најчесто го имаат признакот на нечисти, иако постојат извесни исклучоци, за кои ќе посветиме посебен дел во рефератот.

Пред да ги разгледаме именувањата во македонските дијалекти на птиците од редот Strigiformes, сакаме да дадеме еден општ преглед од орнитолошки аспект на овие птици.

Во редот Strigiformes (или ноќни грабливки) се вбороjуваат 222 вида птици кои главно живеат осамено и најчесто се грабливки. Пленот го ловат претежно навечер, во што им помага нивната најчесто сива боја и речиси бесшумниот лет. Тие се поделени во две фамилии - вистински бувови (Strigidae) и кукувии (Tytonidae). Главно се хранат со мали цицачи, птици и инсекти, а некои видови се хранат и со риба. Живеат на сите континенти, освен Антарктикот, поголемиот дел од Гренланд и на некои острови.

Во рамките на територијата, што е предмет на нашево истражување, се среќаваат следниве родови и видови од претходно наведените фамилии.

ФАМИЛИЈА: Strigidae

РОД/ВИД:

1. Bubo bubo – БУВ

Бувот е вид птица којашто спаѓа во фамилијата Strigidae и е најголем европски був со крупно, збиено тело, силни канџи, портокалови очи и со изразени уши. Се препознава и по испуштањето на длабок звук „хуу-у“. Оваа птица не е преселница и е ретка птица, а ги населува старите шуми и карпестите ридско-планински клисури. Активна е, главно ноќе, од самрак до зори. Летот е бесшумен, со меки потези кога лета на долги растојанија. Тие немаат вистински природни непријатели, па сообраќајот, далекуводите и ловот се главните причини за смрт.

2. Asio otus – УШЕСТ БУВ

Asio otus (ушест був) е вид на птица која припаѓа на редот Strigiformes, во фамилијата на вистински бувови (Strigidae). Има црн клун и очи со портокалово-црвена боја. Овој вид не гради свое гнездо туку краде гнезда од други птици кои веќе се направени. Овој вид був е активен во текот на ноќта. Преку денот седи скриен во зеленило и е многу е плашлив.

Бидејќи ушестиот був живее во непосредна близина до луѓето често е вознемируван од страна на луѓето. Се случува да биде прогонуван па дури и убиван поради предрасудите и суеверијата на луѓето кон оваа птица.

3. Asio flammeus – БЛАТЕН БУВ

Asio flammeus (блатен був) е исто така вид на птица која припаѓа во редот на Strigiformes, во фамилијата на вистински бувови (Strigidae). Овој вид живее на отворени ридски и мочурливи терени. Се гнезди и денот го поминува на почвата, обично во густа трева или трски. Според надворешниот изглед потсетува на ушестиот був, со таа разлика што пердувестите уши се значително помали. Ридскиот був претежно лови ноќе, иако понекогаш знае да лови и дење.

4. Otus scops – ЌУК

Otus scops е еден од најмалите бувови. Го има на крајот од шумите, каде шумите се спојуваат со ливади и полјани. Се гнезди во мали дупки во дрвјата. Овој вид був е типична птица-преселница. Се гнезди во јужниот дел на Европа, западна и централна Азија, а во септември започнува долго патување до југот на Африка. Во април повторно се враќа на истата територија и во истата дупка во која се гнезди.

5. Athene noctua – КУКУМЈАВКА

Athene Noctua или кукумјавката е птица-грабливка во фамилијата Strigidae, којашто денес се вбројува меѓу најзагрозените видови. Спаѓа во редот на мал був. Се гнезди во стари напуштени објекти (цркви, камбанарии, тавани, плевни, во дупки од дрво и во дупки од ѕидот). Кукумјавката и кукувијата се препознатливи по продорниот звук што го испуштаат кој не е ни малку пријатен, по што и го добиле името. Често се слушаат во самракот на границата каде што се спојуваат населените места со ливадите или обработливите површини. Сепак, како и со другите видови од редот Strigidade, и овие се многу корисни птици.

Кукумјавката е заштитен знак на Атена/Минерва, во грчката и римската митологија, божица на мудроста. Според некои легенди, таа

се вбројува во „предците на светот“, додека под влијание на христијанството станала симбол на грдоста и злокобноста.

6. Aegolius funereus – ШУМСКА КУКУМЈАВКА

Шумската кукумјавка (Aegolius funereus) е птица од редот Strigiformes во фамилијата Strigidae. По големина е една од помалите видови во фамилијата Strigidae. Оваа птица има релативно голема глава, горната страна (грбниот дел) од телото има темно чоколадна боја со забележливи дамки и точки. Долните делови на телото (градите и стомакот) се со згасита бела боја и се богато прошарени со црвени или со кафени ленти, особено на грлото и градите.

7. Strix aluco, Вид: Strix aluco aluco – ШУМСКА УТКА

Strix aluco (шумска утка) е птица што му припаѓа на редот Strigiformes и фамилијата на вистински бувови (Strigidae). Овој вид има збиено тело со кафени или сиви пердуви, а пленот го лови претежно навечер. Има големи црни очи и ги нема карактеристичните подигнати пердуви во облик на уши. Шумската утка не е преселница и главно се населува во стари листопадни и мешани шуми и покрај човечките населби и паркови. Има жолт клун, а нозете се добро покриени со пердуви. Таа е позната по испуштањето на карактеристичен звук „хуу-ху-ху“, кој се повторува во интервали од секои три секунди.

8. Strix, Вид: Strix uralensis – УРАЛСКА УТКА

Уралската утка (Strix uralensis) е вид на птица која припаѓа во редот Strigiformes, во фамилијата на вистински бувови (Strigidae). Како и шумската утка, и уралската утка има кружно „лице“ без препознатливите пердувести „уши“. Во споредба со другите видови, има значително поголема опашка, па понекогаш се среќава и под името долгоопашеста утка.

ФАМИЛИЈА: 2. Tytonidae

РОД/ВИД: Tyto alba – КУКУВИЈА

Tyto Алба (кукувија) е птица којашто не се преселува, спаѓа во фамилијата Tytonidae. Овој вид има срцевиден облик на лицето и црни очи, а долниот дел на телото има бела или портокалово-жолта боја. Вообичаено се гнезди на плевни, цркви и стари згради. Припаѓа на бувови со средна големина. Се храни со глодачи, поретко со мали птици и инсекти. Лови претежно ноќе, има добар ноќен вид, но во текот на ловот повеќе се потпира на остриот слух.

Се верува дека оваа птица поради карактеристичниот звук што го испушта, прорекува болест или смрт, па поради тоа честопати луѓето ги убиваат.

Во Прашалникот за собирање материјал за МДА во тематската област посветена на птиците има две прашања кои директно се однесуваат на редот Strigiformes (Глава XVI/49-50). Иако, општо, сепак може да се добие некаков преглед на називите што се јавуваат на македонската јазична територија во врска со овој ред птици, се разбира, без подробно научно навлегување во видовите од редот Strigiformes.

На прашањето 49 (Како се вика птицата што гледа само ноќе?) од главата XVI (Птици), се добиени следниве одговори: бу, буф, був, бух, бувал, бухал, б'ухӑл, б'ухạл, бухел, буарец, буо, б'ухо, б'ухало, булут, бул'утин, б'улач; ут, утка, 'утален; лул'ејка, улејка; д'умо; ќор'опиле; лошо пиле.

На прашањето 50 (ут, утка) од главата XVI (Птици) се добиени следниве одговори: ут, 'утален, 'утка, ф'утка, 'утица, 'утајка; кукум'авка, кукумј'афка, кукуљ'авка, кукумњавка, кукум'ɛфкạ, кукọмј'афка, кукувејка, кукувајка, кукув'еўка, кукумајка, кукумјачка, кукув'аја; к'укале; урл'ејка, урул'ејка, улумајка, улејка, улул'ејка, ул’ул'еќа, ул'еќа, улувејка, уљајка, ул’ајка, хулув'ајка, л’ул’ајка; буф; чуетарка,човетарка,чув'ичка; пуст'ул’ка; ќуш'е.

Во врска со етимологијата, можеме да констатираме дека речиси сите називи се изведени ономатопејски, според звукот што го испуштаат овие птици.

Во однос на симболиката и верувањата поврзани со птиците од редот Strigiformes, во различни култури во светот постојат различни поимања. Така, во некои делови на Африка бувот се смета дека носи несреќа и смрт, а во голем дел од Европа се смета за мудра птица.

Бувот или утот е симбол на тага, темнина, осаменичка и меланхолична повлеченост, бидејќи не се изложува на дневна светлина. Во стара Кина тој бил ужасно животно за кое се верувало дека ја проголтало својата мајка. Бувот го симболизирал јанг, а децата родени на денот на утот, според верувањата во Кина, биле со насилен карактер (па и таткоубијци). Утот бил сметан за сурово и злокобно

животно. Сепак, во некои други култури, како на пример кај Индијанците од Северна Америка, користењето на пердуви од був (ут) во некои обреди се поврзува со неговата моќ да даде помош и заштита ноќе. Во однос на кукумјавката, заштитен знак на Атена и Минерва, иако ја бие лош глас како крадливка (кое е подоцнежно, христијанско влијание), според некои апокрифни галски легенди, таа им припаѓа на предците на светот, полни со мудрост и искуство. Кукумјавката, како ноќна птица, е симбол на рационалното спознание, па веројатно затоа се смета за атрибут на гаталците: таа ја симболизира нивната дарба за јасновидност.

Во однос на симболиката и верувањата кај Македонците (па и пошироко во словенскиот свет), со птиците од редот Strigiformes во материјалите се поврзуваат следниви семантички признаци и фолклорни мотиви: смрт, раѓање, осаменост/самотија (овде ќе го наведеме фразеолошкиот израз, познат во речиси сите македонски дијалекти: *Живее сама како утка*), собир на сите птици (суд над птиците, избор на цар на птиците), неисполнето ветување или молба, подземна сфера (чувар на гробиштата), возвишена состојба (ангел, цар на птиците). Посебно место во толкувањето на птиците од редот Strigiformes треба да му се даде на уште еден птичји лик - кукавицата. Имено, женската и љубовно-брачната симболика на овие птици ја доближува до кукавицата. Во преданијата и верувањата, кукавицата исто така е осамена, таа нема партнер и безуспешно го повикува својот маж или брат и нејзиниот крик исто така се восприема како плач. Па и сродните називи во македонските, српските и бугарските дијалекти укажуваат на блискоста меѓу овие птици (сп. кукумјавка, кукувејка наспроти кукавица).

Верувањето дека појавата на бувот, утката, кукумјавката носи несреќа е широко распространето на целата македонска јазична територија. Така, на пример, во Дебарско се смета дека ако утот застане на покривот или на оџакот од куќата навестува смрт во таа куќа. Во Пиринска Македонија постои верување дека ако патникот види був на некое дрво, тогаш сигурно ќе доживее некоја несреќа. Со претставата за овие птици како предвесници на смртта, се поврзани и

јужнословенските верувања за нив како предизвикувачи на некои болести.

Не е ретко и верувањето дека овие птици се директно поврзани со демонските сили, па оттука на овие птици им се припишуваат демонски својства. Во народната традиција називот був често се поврзува со некое страшило со кое ги плашат малите деца: Молчи, иде бувот ќе те земе! Со фразеолошкиот израз: Ќе го видиш бувот! се искажува директна закана кон некого.

Во народните преданија, потеклото на бувот, утката или кукумјавката се објаснува на разни начини, но за нас е интересен еден момент во приказната „Силјан Штркот“, запишана од Марко Цепенков, во која мајката ги проколнала своите деца поради непослушност велејќи им: „Синко Сиве, и ти, ќерко Чуле! Пилци да се сторите и од куќава наша да летнете, в поле да појдете, по трњето да стоите и еден со друг да се барате, та никогаш да не можете да се најдете. Така, да се спасиме од вас и од макиве што ни ги правите!“. Овој мотив за неисполнето ветување, неисполнета молба или непослушност кон постарите е познат кај речиси сите словенски народи. Во бугарските преданија, бувот и кукумјавката (во некои варијанти, како што е на пр. во Скопско - бувот/утот и кукавицата) биле брат и сестра. Болната мајка ги замолила да ѝ донесат вода, но тие не ја исполниле нејзината молба и таа ги проколнала: Да Бог даде да се слушате, но да не се гледате! Како резултат на клетвата синот станал був/ут, а ќерката кукумјавка. Кукумјавката дење слуша, но не гледа и испушта крик: Кукумјав, чув ама не видов!, а бувот ноќе гледа, но не слуша и испушта крик: Чув, чув! Во една друга варијанта (како на пример, во Скопско, па и во примерот од приказната кај Цепенков) мајката ги проколнала своите деца: Да слушате, да кукате, но да не се видите! Од тој момент тие се претвориле во був/ут и кукавица.

Позитивна конотација добива бувот во приказната за повикувањето на птиците пред Бога и одговорот на поставеното прашање: Зошто на светот има повеќе планини, отколку долини, односно повеќе жени одошто мажи. Бувот овде настапува како мудра птица која на Бог му вели дека има повеќе жени бидејќи таа овде ги вбројува и мажите што

постапуваат по паметот на жените, а Бог како награда му дава на бувот да има по еден врабец за храна секој ден.

Во народната медицина, птиците од редот Strigiformes, што се однесува до македонската традиција, не наоѓаат широка примена, иако кај некои словенски народи овие птици или нивните делови се користат како лек за разни болести и заболувања.

Во врска со некои метеоролошки појави, има верувања дека ако се слушне крик на бувот ќе има убаво или неубаво време, родна или неродна година и сл.

Познато е верувањето во поголем дел од македонската јазична територија дека ако утот се јави од источна страна, тогаш ќе има убаво време, а ако се слушне неговиот крик од западна страна, тогаш ќе има лошо време. Во некои региони, како на пример, Битолско, Скопско итн. се верува дека ако бувот се јави од зелена густа шума, тогаш ќе биде добра жетвата, а ако се јави од некој оголен предел, тогаш ќе има слаба жетва, односно неродна година.

Лингвистичките, етнолошките, фолклористичките и културолошките проучувања на птиците од редот Strigiformes, па и воопшто на сите птици, кај нас за жал се многу оскудни и во мал обем, па се надеваме дека со овој прилог ќе поттикнеме интерес за продлабочено и систематско истражување на оваа тематска област.

**Литература:**

Бабиќ, Бошко. 1984. Материјалната култура на македонските Словени. во *Уметничкото богатство на Македонија*. Скопје: Македонска книга. С.120–136.

Велевски, Методија. Андевски, Јован. Узунова, Данка. 2007. Птиците во Македонија : мал прирачник. Скопје: Македонско еколошко друштво.

Величковски, Боне. 2009. Македонски пословици и поговорки. Скопје: Институт за фолклор „Марко Цепенков".

Видоески, Божидар. 1998. Дијалектите на македонскиот јазик. том 1. Скопје: МАНУ.

Видоески, Божидар. 1999. Дијалектите на македонскиот јазик. том 2. Скопје: МАНУ.

Видоески, Божидар. 1999. Дијалектите на македонскиот јазик, том 3. Скопје: МАНУ.

Видоески Божидар. 2000. Текстови од дијалектите на македонскиот јазик. Скопје: ИМЈ.
Видоески, Божидар. 2000. Прашалник за собирање на македонскиот дијалектен атлас. Скопје: ИМЈ.
Виноградова, Л. Н. 2000. Народная демонология и мифо-ритуальная традиция славян. Москва.
Вражиновски, Танас. 1998. Народна митологија на Македониците, том I, – Етнографски и фолклорни материјали – том II. Скопје-Прилеп: Институт за старословенска култура – Матица Македонска.
Денисова, И. М. 2003. Зооморфная модель мира и ее отголоски в русской народной культуре. Москва: Этнографическое обозрение, № 6, С. 19-40.
Елијаде, М. 2005. Историја на верувањата и на религиските идеи - I, II, III. Скопје: Табернакул.
Замуровић, А. 1998. Митолошки речник. Београд: Heres.
Китевски, М. 1989. Прилози за македонскиот фолклор. Скопје: Култура.
Кнежевић, С. 1971. Птиците во фолклорот и во симболиката кај балканските народи. Скопје: Македонски фолклор, IV / 7-8. С. 115-130.
Михайлова, Г. 1996: Паунът и неговото перо, Българска етнология XXII/1, София: БАН. С. 3-38.
Мицевски, Бр. 2005. Нови видови птици за орнитофауната на Република Македонија, Скопје: Годишен зборник на Институтот за биологија при ПМФ. С. [55]-73.
Пропп, В. Я. 2000. Русская сказка, (Собрание трудов В.Я. Проппа). Москва: Лабиринт.
Пропп, В. Я. 1946. Исторические корни волшебной сказки, Ленинград.
Ристовска-Пиличкова, Ј. 2006. Симболиката и развојните форми на мотивот на двоглавиот орел - со посебен осврт на неговата застапеност на печатот на Скендербег, во: “Ѓерѓ Кастриоти Скендербег 1405-1468”. Скопје: ИНИ. С. 193-201.
Светиева, А. 2001. Верувањата во птици во фолклорот на календарските празници од зимскиот циклус. Скопје Македонски фолклор, 56/57 С. 13-20.
Тресидер, Џ. 2001. Речник на симболи. Скопје: ТРИ.
Цветановски, Г. 2004. Каршијачкиот говор – Скопско (со посебен осврт на синтаксата). Скопје: ИМЈ.
Цветановски, Г. 2010. Говорот на Македонците во Мала Преспа. Скопје: ИМЈ.
Цветановски, Г. 2001. Глаголите со значење менување на влакно кај добитокот во дијалектите на македонскиот јазик. во: Македонска лексикологија и лексикографија. Скопје: ИМЈ.
Цепенков, М. К. 1980. Македонско народно творештво. кн.10. Скопје: Македонска Книга – ИФ.